*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 04-6169/1

17.12 2024 год.

Врз основа на членовите 40-к и 40-л став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23), членот 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), членовите 22, 23 и 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), членот 2 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.242/24) и членот 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија бр.01-566/1 од 29.1.2021 година, бр.01-4692/1 од 14.11.2022 година и бр.01-4210/1 од 30.8.2023 година, Собранието на Република Северна Македонија, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2024**

**за вработување на четири (4) помошно - технички лица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија на неопределено време**

Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за вработување на четири (4) помошно-технички лица на неопределено време за следниве работни места:

1. **Возач II,** ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001, во Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието, во Одделение за протоколарни работи - еден (1) извршител.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- средна стручна подготовка;
- работно искуство најмалку 1 година како професионален возач;
- возачка дозвола за Б категорија.

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: понеделник - петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето - плата за работното место под реден број 1 изнесува: 31.891 денари.

2. **ВКВ работник за одржување на објекти,** ниво А3, шифра УПР 04 01 А03 001, во Сектор за технички работи, во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи - двајца (2) извршители.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- средно образование;
- со или без работно искуство.

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето - плата за работното место под реден број 2 изнесува: 30.814 денари.

3. **Работник за извршување на помошни работи во експедиција,** ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 007, во Сектор за административни работи, во Одделение за експедиција на материјали и секретарски работи - еден (1) извршител.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- основно образование;
- со или без работно искуство;

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: понеделник - петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето - плата за работното место под реден број 3 изнесува 30.031 денари.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи е три (3) работни дена, од денот на објавување на огласот.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Собранието на Република Северна Македонија ќе изврши избор во рокот пропишан во согласност со членот 23 став 2 од Законот за работните односи. Постапката за вработување по овој јавен оглас ќе ја спроведе Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Пријавата за огласот може да се преземе од веб - страницата на Собранието на Република Северна Македонија: www.sobranie.mk.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат наведените услови. Кандидатите кон пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите наведени во јавниот оглас, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

- Уверение за државјанство;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место (не постаро од една година издадено од доктор специјалист по медицина на трудот);
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Извод од историјатот на вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за работното искуство;
- Диплома за завршен степен на образование (сите свидетелства за завршено основно образование и сите свидетелства за завршено средно образование вклучително и дипломата за завршено средно образование);

Кандидатите за работното место под реден број 1, покрај горенаведените докази должни се да достават и копија од возачка дозвола за Б категорија.

При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува.

Пријавите со потребната документација треба да се доставаат во затворен плик во Писарницата на Собранието на Република Северна Македонија или по пошта на следната адреса:

Собрание на Република Северна Македонија ул. „11 Октомври" бр.10, Скопје, со назнака: „Јавен оглас број 3/2024 за вработување на четири (4) помошно - технички лица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија на неопределено време".

Изработил: м-р Сашко Стаменков
Контролирал: Александра Кокиновска
Одобрил: м-р Дејан Мојсоски

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Марина Димовска